Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-1128/1
14 11 2023 год.
Скопје

СТЕФАН

Врз основа на член 114, а во врска со член 37, став 6 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 178/2021), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 47 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454/2019), Деканот на Факултетот на ден 14.11.2023 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за распишување на избори за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

### Член 1

Се распишуваат избори за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

### Член 2

Членовите на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година, со право за уште еден избор.

Изборите за членови на Факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање на ден 14.12.2023 година (четврток), во Аулата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во период од 8,30-16,30 часот.

### Член 3

Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во следниот состав:

1. М-р Константин Битраков, асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје;
2. М-р Катерина Жатева, асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје;
3. Емилија Протугерова, студентка на прв циклус студии, запишана во III година, во V семестар, во учебната 2023/24 година, на студиската програма правни студии, со број на индекс 48879;
4. Бојан Палитов, студент на прв циклус студии, запишан во III година, во V семестар, во учебната 2023/24 година, на студиската програма правни студии, со број на индекс 48831;
5. Стефан Кофиловски, студент на прв циклус студии, запишан во III година, во V семестар, во учебната 2023/24 година, на студиската програма правни студии, со број на индекс 48731.

Комисијата од став 1 на овој член избира избирачки одбори/поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, односно соработник за спроведување на изборите.

### Член 4

Изборната комисија од член 3 на оваа одлука утврдува правила за:

- начинот на нејзината работа при спроведувањето на изборната постапка/и;

- утврдување листа на предложени кандидати врз основа на претходна проверка дали кандидатите ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови во Факултетското студентско собрание и донесува одлука. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година, студиската програма и сл.;
- изгледот на гласачкото ливче, образец на записникот на гласањето, начинот на спроведување на гласањето, гласање и пребројување на гласовите, постапување по поднесени приговори од кандидатите за време на гласањето и по гласањето. Изборната комисија одлучува по приговорите во рок од 24 часа;
- објавување на конечните резултати од гласањето;
- составување записник за гласањето на Факултетот и за крајниот резултат од гласањето;
- подготовка на други известувања, увид во изборната документација, чување на изборниот материјал и други прашања поврзани со постапката за спроведување на изборите.

Правилата на Изборната комисија се објавуваат на интернет страницата на Факултетот, најдоцна 7 (седум) дена пред одржување на изборите заедно со Одлуката со која се констатира дали предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите (конечна листа на кандидати).

**Член 5**

Се задолжува изборната комисија од член 3 на оваа Одлука изборите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 6**

Студентите лично, преку архивата на Факултетот доставуваат пријава за кандидати за членови на Факултетското студентско собрание до Изборната комисија.

Факултетското студентско собрание го сочинуваат претставници од студентите по студиски години/студиски програми од прв циклус студии (додипломски студии) втор циклус студии (постдипломски студии) и од трет циклус студии (докторски студии) и тоа:

- најмногу 16 претставници од прва година на сите студиски програми на прв циклус студии;
- најмногу 12 претставници од втора година на сите студиски програми на прв циклус студии;
- најмногу 12 претставници од трета година на сите студиски програми на прв циклус студии;
- најмногу 18 претставници од сите студиски програми на втор циклус студии;
- најмногу 2 претставници од сите студиски програми на трет циклус студии (докторски студии).

**Член 7**

Врз основа на доставените пријави од студентите за кандидати за членови на Факултетското студентско собрание, Изборната комисија ја донесува одлуката од член

4, став 1, алинеја 2 на оваа одлука најдоцна 7 (седум) дена пред одржување на изборите.

**Член 8**

Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои се запишани на студии во учебната 2023/2024 година.

За избрани членови на Факултетското студентско собрание се сметаат кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите на Факултетот кои гласале.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително да се објави на интернет-страницата на Факултетот.

Декан,

Проф. д-р Сашо Георгиевски